**Република Македонија**
**МИНИСТЕРСТВО ЗА ФИНАНСИИ**
**С К О П Ј Е**

## ПОКАНА ЗА ПОДНЕСУВАЊЕ НА ПОНУДА

Договорен орган: Министерство за финансии, со седиште на ул: "Даме Груев", бр. 14 - Скопје, лица за контакт: Дејан Николовски, електронска адреса: dejan.nikolovski@finance.gov.mk, Јордан Трајковски, телефон (02)3254-104, електронска адреса: jordan.trajkovski@finance.gov.mk и Марија Здравкова, телефон (02)3254-112, електронска адреса:marija.zdravkova@finance.gov.mk.

Договорниот орган има потреба од набавка на архивски метални ормари.

За таа цел, договорниот орган: Министерството за финансии спроведува постапка за доделување на договор за јавна набавка со барање за прибирање на понуди со претходно објавување на оглас согласно со член 100, став 1, алинеја 2 од Законот за јавните набавки ("Службен весник на Република Македонија", бр. 136/2007 и бр.130/2008).

Ги покануваме заинтересираните економски оператори да ни достават понуда за горенаведениот предмет за јавна набавка најдоцна до ***06.04.2010 година, до 12,00 часот*****,** по пошта или лично со предавање во писарницата на Министерството за финансии на ул. Даме Груев, бр. 14- Скопје.

Кон оваа покана е приложена тендерска документација која ги содржи сите информации кои можат да помогнат за изработка на понудата.

Заинтересираните економски оператори можат да ја подигнат тендерската документација секој работен ден од 08,30 до 16,30 часот во зградата на НИП „ Нова Македонија", на ул."Мито Хаџивасилев Јасмин", б.б – Скопје, 1-ви кат, канц.бр. 115 или електронски со доставување на барање на следните адреси: dejan.nikolovski@finance.gov.mk и marija.zdravkova@finance.gov.mk.

Тендерската документација може да се земе без надоместок

Само економските оператори што подигнале тендерска документација, односно што го потврдиле приемот (преземањето) на тендерската документација имаат право да доставaт понуда за учество во постапката.

Тендерските документи се достапни на македонски јазик.

Евентуални прашања или барања на појаснувања во врска со тендерската документација можат да се доставуваат во хартиена форма по пошта или со предавање во писарницата или по мејл на горенаведените електронски адреси.

Отворањето на понудите ќе биде јавно и ќе се изврши на ***06.04.2010 година, во 12,00 часот*****,** во просториите на Министерството за финансии, на ул."Мито Хаџивасилев Јасмин", б.б – Скопје, во зградата на НИП „ Нова Македонија" на I кат ***во салата за состаноци.***

Заедно со понудата, задолжително се доставува банкарска гаранција на понудата во износ од 3% од вкупната вредност на понудата.

**Скопје, 18.03.2010 година**

**КОМИСИЈА ЗА ЈАВНИ НАБАВКИ,**

**Претседател,**

**Јордан Трајковски**